Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
КСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-141/1
28.01.26 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-525/1 од 24.06.2025 година поднесена од --- од --- со адреса на живеење на --- во---, за дискриминација сторена од страна на---, врз основа на друго уверување во областа на работата и работните односи и образованието, науката и спортот, врз основа на член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020), го донесе следното

**М И С Л Е Њ Е**

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** кон подносителката --- од --- сторена врз основа на друго уверување во областа на работата и работните односи, од страна на ---.

**О б р а з л о ж е н и е**

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ( во понатамошниот текст: "**Комисијата**") беше поднесена претставка бр. 08-525/1 од 24.06.2025 година, од страна на --- од ---, за дискриминација извршена од страна на---, а врз основа на друго уверување во областа на работата и работните односи.

Во претставката подносителката наедува дека на --- година до --- при --- каде работела како --- по предметите --- на прв циклус додипломски студии како и неколку предмети на втор циклус студии, поднела барање за --- за --- година и по навршување на 64 години возраст. На --- година, а во врска со наведеното, добила решение за ---. Подносителката наведува дека во рамки на --- на голем број кои навршиле 64 години возраст, им бил продолжен работниот однос. Поради ова подносителката смета дека е дискриминирана и истакнува дека за времетраење на ---, додека --- следеле настава, полагале колоквиуми, следеле практика од предметот ---, нејзе и бил прекинат работниот однос со што бил нарушен и образовниот процес. Во претставката се наведува дека исто така заштита на своите права побарала и пред ---, ---, --- и ---.

На 02.07.2025 година, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација се обрати до подносителката со барање бр. 08-525/2 со кое побара да ја доуреди претставката така што ќе достави податок за тоа - кога има поднесено барање за продолжување на работниот однос при --- за --- година, по што истиот ден, како доуредување го достави барањето со број --- од --- година.

На 22.07.2025 одина Комисијата за спречување и заштита од дискриминација се обрати со барање бр. 08-525/6 до ---, и тоа до ---, до --- и до ---, а заради добивање на произнесување по наводите во претставката поднесена од ---. Во барањето беше наведено дека произнесувањето е потребно особено да ги содржи податоците за тоа: - дали други --- имаат поднесено барање до --- за продолжување на работниот однос по

навршување на 64 години возраст за --- година и – на колку --- ваквото барање им било одобрено, а на колкумина одбиено.

На 15.09.2025 година во Комисијата е пристигнат одговор бр, --- од --- година од --- во кој одговор членот 187, став 1 од Законот за виското образование се доведува во корелација со член 104, став 1 од Законот за работните однос па се наведува дека во согласност со истиот, на лицето --- или --- му престанува работниот однос кога работникот ќе наврши 64 години. Се наведува дека членот 187, став 2 од Законот за високото образование давал право --- да го продолжи работниот однос доколку за тоа имало потреба, по претходно барање на работникот, а со согласност на ---. Следствено, а во согласност со постоечката регулатива, во конкретниот случај, --- на --- донел предлог за --- на --- бр. --- од --- година и врз основа на ова, работодавачот односно --- донел решение за прекин. Крајно се посочува дека во врска со предметното прашање на --- биле извршени два инспекциски надзори од страна на --- и --- при што не биле констатирани неправилности.

На 29.09.2025 година Комисијата повторно испрати барање бр. 08-525/9 до --- со кое побара да бидат доставени податоци за тоа – колку --- имаат поднесено барање до --- за продолжување на работниот однос по навршени 64 години возраст за --- година, на колкумина им е одобрено, а на колкумина одбиено ваквото барање. По ова на 05.11.2025 година во Комисијата е пристигнат одговор бр. --- од --- година од --- во кој е наведено дека на овој --- во --- година услови за --- исполнила само ---, а работниот однос не му бил продолжен на ниту еден работник по основ на поднесено барање. Па се посочува дека продолжувањето на работниот однос се засновал на принципот на потреба од --- по --- за кој на --- помлад кадар. Во конкретниот случај --- на --- се изјаснил дека таков кадар има и дека немало основ за понатамошен ангажман на именуваната ---.

Заради соодветно утврдување на фактичката состојба, Комисијата на 18.11.2025 година испрати барање бр. 08-525/11 до --- со цел вршење увид и остварување на службен разговор, па го најави истиот за на --- година. Врз основа на осварениот увид и службен разговор сочинет е Записник бр. --- од --- година во кој е констатирано дека --- при --- посочил дека барањето на --- било уредно и во законкиот рок поднесено до --- на --- заради одлучување по поднесок за продолжување на работен однос. На седница одржана на --- година се расправало по барањето и се донел предлог за непродолжување на работниот однос на ---, воедно на --- не бил продолжен работниот однос на ниту еден вработен по основ на барање, од причина што на --- имало доволно --- кадар за утврдените ---.

Според член 1 од Закон за работните односи *со овој закон се уредуваат работните односи меѓу работниците и работодавачите кои се воспоставуваат со склучување на договор за вработување*, а според став 2 од овој член *работниот однос се уредува со овој и со друг закон, колективен договор и договорот за вработување*. Во член 3, став 2 од иститпт закон е уредено дека *работниот однос може да престане само на начин и под услови утврдени со закон и колективен договор.* Понатаму, во член од овој закон пак, се предвидува дека *работодавачот го прекинува договорот за*


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

*вработување на работникот кога работникот ќе наполни 64 години возраст и 15 години пензиски стаж.*

Со Законот за ---, пак *се уредуваат*---. Според овој закон --- е утврдена како---. Во член 2, став 2 од законот се утврдени---, меѓу кои и ----. Во член 4 од законот со кој се уредуваат целите---, една од овие цели е - --- . Со член 7, став 1 од истот закон е уредено дека --- а во став 5 од овој член е предвидено дека --- Член 11 од законот предвидува дека--- . Понатаму, со член 160, став 3 од законот се уредува дека---. Во член 187 од законот, во ставот 1 се уредува дека---. Ставот 2 на овој член предвидува дека ---

Земено предвид сето наведено, се утврди дека во конкретниот случај не е сторена директна дискриминација кон --- од --- од страна на --- врз основа на друго уверување во областа на работата и работните односи, а во смисла на член 8, став 1 од во кој е уредено дека "*Директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.*" Имено, со оглед дека --- навршила 64 години возраст, поднела барање за продолжување на нејзиниот работен однос на --- при ---, но по истото --- на --- одлучил негативно поради што работниот однос на подносителката престанал. Престанокот на работниот однос бил резултат на кадровската екипираност на ---, односно непостоење на недостаток на кадар поради што би требало и би можело да се продолжи работниот однос на подносителката, во согласност со закон. Поради ова, во конкретниот случај не можеше да се утврди постоење на поврзаност помеѓу наведениот дискриминаторски основ во претставката и престанокот, односно непродолжувањето на работниот однос на именуваната --- како акт на дискриминација со кој именуваната била ставена во понеповолна положба споредено со други лица, односно други --- вработени на ---.

Како резултат на сето погоре, се одлучи како во диспозитивот на ова мислење.

Скопје,
26.01.2026 година

Комисија за спречување и
заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Душан Томшиќ

Доставено до:

- ---
- ---
- Архива на КСЗД